Двете одделениеја во рамки на Секторот работат системски односно поврзано во имплементација на активности и испорачување на резулатати во интерес на граѓаните на Општина Куманово , согласно правилникот за работа и надлежностите за работа на двете одделенија. Двете одделенија имаат: меѓусебна, тимска и транспарентна соработка. Плановите и активностите кои се превземаат од страна на секторот се од јавен интерес поради што општина Куманово е должна да планира соодветни активности и од својот буџет и да обезбеди финансиски средства за таа цел.

## ВОВЕД

Полноправното членство во Европската Унија и понатаму претставува стратешка цел на Република Северна Македонија. Следствено на тоа, клучен приоритет на нашата држава отсекогаш беше заложбата за започнување на преговорите за пристапување во Европската Унија, што е можно поскоро, а врз основа на постигнатиот степен на економска интеграција, прилагодувањето на законодавството и институциите, изградбата на добрососедски односи и придонесот во регионалната соработка. Поради тоа, во март 2020 година, Европскиот совет ја потврди одлуката да отвори пристапни преговори со Северна Македонија. Откако Советот ја одобри Преговарачката рамка, во согласност со ревидираната методологија за проширување, на 19 јули 2022 година ЕУ ја започна воведната фаза од пристапните преговори со Северна Македонија.

Преку јасно поставената цел и недвосмислен стремеж за целосно интегрирање во Европската Унија, Република Северна Македонија ја манифестира својата определба да изгради општество втемелено на идентични вредности како оние на Унијата - почитување на човековите права, демократијата, владеењето на правото и функционална пазарна економија.

Во таа насока во изминатиот период, во сферата на развојот на Општините како самостојни единици на локална самоуправа во границите на Република Северна Македонија се бележи нагорна линија на развој на системските реформи како и развој на интеграциските процеси спроведени во насока на приближување кон стандардите на Европската Унија. Тоа е особено изразено со отпочнувањето на процесот на децентрализацијата во нашата Република која и официјално започна на 1 Јули 2005 година.

Овој процес бележи одреден развој во различни области со разновидна динамика, така што Општината Куманово посебно се издвојува во тоа.

Имено, говорејќи за предметната сфера(меѓународна соработка и евроинтеграции) развојната динамика на оваа локална самоуправа предничи пред сите Општини од Република Северна Македонија , така што од јануари 2008 година во својот состав на

организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Куманово креира, Сектор за меѓународна соработка и евроинтеграции [1] ( кој има примарна цел развој на меѓународна соработка и евроинтеграции). Се работи за вид на организационен облик кој своите постоечки капацитети [2] треба да ги постави за поддршка во имплементација на предвидени пред се, локални политики и стратешки програми.

Во 2018 година, согласно Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Куманово[3], дотогашниот Сектор за меѓународна соработка и евроинтеграции го менува својот назив кој гласи Сектор за меѓународна соработка и евроинтеграции, стратешко планирање, креирање политики, следење и локален економски развој (ЛЕР), во чиј состав се наоѓаат Одделение за меѓународна соработка и евроинтеграции и Одделение за стратешко планирање, креирање политики, следење и локален економски развој (ЛЕР).

Програмата за локален економски развој претставува дефиниран збир на активности, планирани за реализација во текот на 2025 година, насочени кон потребите на граѓаните на општина Куманово а предвидени согласно можностите и условите со кои располага одделението.

Програмата за реализација на активностите за Локалниот економски развој се подготвува и се усвојува врз основа на надлежностите на локалната самоуправа кои произлегуваат од: Законот за локална самоуправа, Статутот на Општина Куманово, други позитивни законски одредби и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Во текот на 2024 година секторот активно работеше на изработка на документација за нови проекти, но и апликација за постоечките отворените повици како од Владата и надлежните министерства и институции, така и кон меѓународните отворени фондови и програми наменети за развој на општините.

Програмата и програмските активности на Секторот се усогласени со: Стратегија за локален економски развој на Општина Куманово за периодот 2019 – 2024, Стратегијата за иновации на Р. Македонија 2012- 2020, Националната стратегија за одржлив развој 2009-2030, Програма за развој на Североисточен плански регион 2020 -2024, Националната стратегија за интеграција на Р.М во Европската Унија, Стратешкиот документ за помош на земјата од ЕУ за периодот 2014-2020, Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на Р.Македонија за периодот 2010 – 2020.

Реализација на Стратегијата за ЛЕР на Општина Куманово останува приоритет, а имплементација на поголем број на проекти во насока на локалната економија преку подобрување на општите услови за развој и подобрување на инфраструктурата и подготовка на јавните објекти за подобра искористеност се само дел од оваа програма.

[1] Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Куманово со која се формира Секторот за меѓународна соработка и евроинтеграции со две одделенија и тоа : Одделение за меѓународна соработка и одделение за евроинтеграции.

[3] Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Куманово со што Сектор за меѓународна соработка и евроинтеграции го менува својот назив кој гласи Сектор за меѓународна соработка и евроинтеграции, стратешко планирање, креирање политики, следење и локален економски развој (ЛЕР),

## ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Цел на програмата на Секторот за меѓународна соработка и евроинтеграции, стратешко планирање, креирање политики, следење и ЛЕР , е да се зајакне меѓународна соработка на Општината Куманово со збратимени градови, градови пријатели на Општината Куманово, меѓународните организации, да се обезбедат финансиски средства од домашни и странски донатори преку разни програми за да се инвестира во капитални инвестиции во општината како и обезбедување на финансиски средства за проекти за подобрување на енергетската ефикасност, да се изгради економски капацитет на локално ниво за да се подобри економската иднина на таа област и животниот стандард на сите жители. Тоа е процес преку кој: јавноста, стопанските дејности и невладиниот сектор работат заедно како партнери за да создадат подобри услови за економски развој и нови вработувања.

Главни цели што треба да се постигнат согласно Програмата се:

- Реализација на проекти финансирани од страна на Европската Унија, но и од други домашни и странски донатори и меѓународни организации;
- Доставувување на нови апликации за обезбедување на финансиски средства за реализација на проекти;
- Соработка и размена на идеи и искуства со збратимени градови на Општината Куманово, како и општини со кои општината има досегашна соработка;
- Поголема активност во делот на Отворен Балкан,
- Да се изгради економски капацитет на локално ниво за да се подобри економската иднина на таа област и животниот стандард на сите жители.

Под цели кои ги дополнуваат главните цели на Програмата се:

- Продлабочување на соработката со збратимените градови и градовите пријатели на Општина Куманово;
- Продлабочување на соработката со меѓународни граѓански организации;
- Реализација на заеднички активности и проекти со сите заинетерсирани страни кои имаат желба за соработка со Општината Куманово во дел на проекти;
- Зајакнување на капацитетите во работата на Општина Куманово на меѓународно и регионално ниво преку размена на искуства и идеи;
- Проширување на меѓународната соработка на локално и регионално ниво;
- Вклучување на локалните установи и јавни претпријатија во меѓународната соработка и користење на расположливи фондови и проекти;
- Поттикнување и развој на поголема економска соработка во државата и регионот.

Целни групи:

- Сите граѓани на Општина Куманово и граѓаните на збратимените градови и градови пријатели на Општина Куманово од регионот и пошироко;
- Градоначалниците, Советите на општините и менаџерските тимови во општините и градовите;
- Центарот за развој на Североисточниот плански регион;

- Локални установи и јавни претпријатија;
- Здруженија на граѓани;
- Бизнис –сектор;
- Занаетчиски комори како и кластери на бизнис заеницата;
- Медиуми;
- Потенцијални инвеститори (домашни и странски инвреститори во дел на развој на бизнис секторот во Општината Куманово);
- Меѓународни организации и институции;
- Туристи и посетители

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програма ке се реализира од следниве извори на финансирање:

- Буџет на Општина Куманово;
- Буџетот на Република Северна Македонија;
- Меѓународни донатори присутни во Република Севрна Македонија;
- Фондови достапни по Програми на Европска Унија;
- Јавно – приватно партнерство помеѓу Општината и бизнис секторот;

Програмата е концепирана во насока на јакнење на меѓународната соработка и евроинтеграциите, како и економски развој на локално ниво и тоа:

- Соработка на Општината Куманово со збратимени градови,
- Соработка на Општината Куманово со градови/општини пријатели на општината,
- Соработка со меѓнардони организации,
- Соработка со дипломатски претставници акредитирани во нашата земја,
- Соработка во домен на проекти со домашни и странски донатори во насока на подобрување на стандардот на жителите во општината.
- Економски развој и бизнис опкружување;
- Занаетчиство;
- Туризам и угостителство;
- Млади;
- Рурален развој;

## ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Соработката со партнерите од национално ниво како и Делегацијата на ЕУ во Македонија, амбасадите во Република Северна Македонија и останатите донатори повторно ќе бидат на високо ниво со цел реализација на проекти од заеднички интерес на територијата на општина Куманово. Во соработка со останатите оделенија и сектори - релевантни за економскиот развој, Секторорт за меѓународна соработка и евроинтеграции, стратешко планирање , креирање политики, следење и ЛЕР се фокусираше на подготовка на апликации и проектно - техничка документација и имплементација на проекти од домашните , европски и меѓународните фондови.

Програмата на Секторот за меѓународна соработка и евроинтеграции, стратешко планирање, креирање политики , следење и ЛЕР, содржи повеќе области и активности кои треба да се реализираат во текот на 2025 година, и кои воглавно ќе бидат насочени кон јакнење на меѓународната соработка со збратимени општини и градови, градови, пријатели

на општината Куманово, акредитирани дипломатски претставништва во нашата држава, промоција на општината на меѓународен план со можности за привлекување на странски и домашни инвестиции, имплементација на Стратегиите донесени од страна на овој сектор, а кои се однесуваат на Стартегијата за ЛЕР на Општина Куманово, Стратегија за развој на туризам, Стратегија на (ЛЕСС), Стратегија за рурален развој на Општина Куманово за период од 2022 до 2026 година.

Реализацијата на програма ќе има позитивно влијание во насока на континуиран одржлив развој на општината, што би значело подобрени услови, инфраструктура и животен стандард на граѓаните на Општина Куманово.

Евроинтегративните процеси како и аплицирање и користење на ЕУ фондови и во 2025 година остануваат приоритет на планот на меѓународната соработка. Во 2024 година, Општина Куманово ќе продолжи да работи на апликации за добивање на финансиски средтсва од страна на Европската Унија преку Програмата за прекугранична соработка ИПА II и III Компонента, каде до сега успешно се реализирани 3 проекти со Косово и два со Република Бугарија, но воедно се подготвуваат и нови апликации по однос на истата програма за добивање на финансиски средства за реализација на нови проекти.

Соработката со збратиментите градови и градовите пријатели на Општината Куманово, продолжува и во текот на 2026 година, со желба истата да се продлабочи, во делот на проекти, но и во дел на култура, спорт, образовение, економска соработка.

Општината Куманово и во текот на 2019, 2020, 2021 , 2022, 2023,2024,2025 исто така и во текот на 2026 година, во делот на соработка со делегација на ЕУ, работи и ќе работи кон реализација на проекти, во партнерство со општините со кои остварува долгогодишна соработка на полето на работа со проекти, како и аплицирање на нови проекти кај домашни и странски донатори. Општината Куманово, во делот на апликациите подготвува проекти од областа на енергетската ефикасност, животна средина, култура, заштита на културно наследство, туризам, инфраструктурни проекти, како и други области кои се важни за граѓаните на Општината Куманово, во зависност од теми и главни приоритети од расположливите фондови кои што ќе бидат во текот на 2026 година.

Успешно користење ( во доменот на локалната самоуправа) и управување со претпристапните фондови на ЕУ на локално ниво со посебен осврт на инструментот за претпристапна помош-ИПА поточно ИПА II и III Компонента која е насочена кон прекуграничната соработка, со што на Општината Куманово и се дава можност да аплицира на заеднички проекти со Република Србија, Република Бугарија и Република Косово кои ќе бидат од големо значење за Општината Куманово. Основна цел на компонентата за прекугранична соработка е да ја негува стабилноста, безбедноста и просперитетот што е заеднички интерес на засегнатите земји и да го охрабри прекуграничниот хармоничен, избалансиран и одржлив развој.

Програмата на Општината Куманово, која се однесува на делот на меѓународната соработка и евроинтеграците, континуирано е насочена кон зајакнување и проширување на соработката со збратимени градови и градови пријатели и реализација на конкретни активности и проекти во Рамките на ЕУ програмите и другите расположиви меѓународни фондови.

**Активности во тек на реализација**

Секторот, во текот на 2025 година, активно работеше и работи на имплементација на проекти финансирани од страна на Европската Унија, и тоа проектот преку ИПА II Компонента за прекугранична соработка, помеѓу Општина Куманово,Република Северна Македонија и Општина Ќустендил, Република Бугарија – Налсов на проект: Урбано раззеленување за поздраво дишење" („Urban greening for healthy breathing„)

Предвидено е поставување на урбана опрема на 5 локации и тоа:

- Булевар "3-та МУБ"- поставување урбана опрема и дрвореди.
- Булевар"Октомвриска револуција"- урбана опрема,дрвореди и одводен дренажен канал до Спортска Сала Куманово.
- СОУ "Перо Наков"- партерно и хортикултурно уредување, летниковци, канделабри и систем за наводнување.
- Училишен дом "Проф. Мијалковиќ"- хортикултурно уредување и дрворед.
- Плоштад "Маршал Тито"- зелени ѕидови на паркинг – простор.

Интервенциите вклучуваат садење дрвја и украсни растенија, поставување клупи и канти за отпадоци, изградба на летниковци, поставување канделабри, како и системи за наводнување "капка по капка".

Секторот за меѓународна соработка и евроинтеграции, стратешко планирање, креирање политики, следење и ЛЕР, освен финансиски средства обебзедени преку странски донатори, активно работеше и обезбеди финансиски средтсва и од домашни донатори , поточно од Влада на Република Северна Македонија, Генерален Секретаријат како и од Министерство за животна средина и просторно планирање и Министертво за транспорт и врски на Република Северна Македонија , каде до сега успешно се реализирани голем број инфраструктурни проекти, каде се опфатени реконструкции на водоводна мрежа, реконструкции на фекална и атмосферска канализација, реконструкција на локални патишта и улици, се со цел подобрување на условите за живот на населението.

## I ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ЕВРОИНТЕГРАЦИИ ЗА 2025 ГОДИНА.

Во тек на 2026 година Одделението за меѓународна соработка и евроинтеграции, во соработка со другите сектори и одделенија во Општината Куманово,како и во соработка со Североисточниот плански регион, ќе продолжи со аплицирање на нови проекти финансирани од Европската Унија, но и од домашни донатори и меѓународни организации и амбасади акредитирани во нашата држава.

И во 2026 година, се предвидени активности во дел на апликации кај домашни и странски донатори меѓу кои:

- Повици од ЕУ, ИПА II и III Компонета за прекугранична соработка, помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија, Република Бугарија и Република Косово;
- Повици финансирани од Светска Банка, преку Министерство за транспорт и врски, Министерство за труд и социјални работи; Министерство за животна средина и просторно планирање, обезбедени се финанскси средства за реконструкција на ул.Моша Пијаде, со целосна реконструкција на подземна инфратсруктура, полуподземни контењери, осветлување, поставување на подземна канализација за оптички кабли и кабли за струја, тротоари, паркинг места предвидени со ниши за

паркирање, средување на дрворедот долж улицата, со делумно учество на општината

- Проекти финансирани преку Европска Инвестициона Банка-ЕИБ, каде во тек на 2026 година треба да се реализираат проектите Изградба на фекална канализација во Гладно Поле ул.723,728,729 и 703 со секции 1,2,3,4 и 5 и проектот за Набавка , транспорт, вградување и пуштање во употреба на водоводна линија и хидррегулациона и електро опрема за реконструкција и оддржување на процесот на производство и дистрибуција на вода за пиење на Филетр Станица за Град Куманово,
- Европа за граѓаните и можни донатори,
- Проекти финансирани од страна на меѓународни организации,
- Соработка со Хабитат Македонија, во дел на проекти за енергетска ефикасност, кои се наменети за енергетско ефикасни фасади на станбени објекти за колективно домување на територија на Општина Куманово, каде за оваа намена од Буџетот на општината Куманово се предвидени околу 2.000.000 денари

### Продлабочување на меѓународната соработка

Во делот на меѓународната соработка[4], Општината Куманово, ќе ги опфати следните активности во делот на негување на досегашната воспоставена соработка со збратимени општини, општини со кои има потпишано меморандум за соработка, општини со кои се водат преговори за заеднича соработка, организиран престој на делегации во Општина Куманово, посета на делегации од Општината Куманово на збратимени градови и општини со кои е воспоставена соработка, како и општини со кои интнзивно се работи на воспоставување на соработка, реализцаија на европски проекти, поточно проекти преку ИПА II и III компонента, која се однесува на прекугранична соработка, во јакнење и зацврстување на заеднички капацитети помеѓу општините., како и вмрежување на збратимените градови од Балканот и можно обновување на Балканет.

Во делот на меѓународната соработка Општината Куаново, континуирано остварува контакти и со дипломатски претставници од различни држави акредитирани во нашата држава, се со цел да се оддржува и негува досега воспоставената соработка, и истата да се продлабочува во разни сфери на општетствениот живот, но и интенција да се воспотавува соработка со дрги држави и општини. Исто така, во делот на меѓународната соработка, општината Куманово, соработува и со меѓународни организации и институции, во разни

---

[4] Во делокругот и начинот на извршување на работите од сферата на меѓународната соработка се иницираат одредени надлежности кои локалната самоуправа на Општина Куманово во доменот на своите ингиренции може да делува и тоа :

- Воспоставување, одржување и развивање на соработката на општината Куманово со општини во други земји, со странски донатори, организации и со кредитори.
- Воспоставува соработка со меѓународни организации на локалните заедници.
- Врши работи што се поврзани со воспоставување, одржување и развивање на соработката на општината со општини во други земји, со странски донатори, организации и со кредитори.
- Организира средби и состаноци со претставници на општини и организации од странство.
- Презема мерки и активности за зачленување на општината во меѓународни организации на локални власти.
- Дава мислење во врска со договори за меѓународна соработка и го следи нивното извршување.
- Ги реализира проектите од областа на соработка на општината со збратимени општини во странство во соработка со другите делови на општинската администрација,
- поднесува предлог-проекти за поддршка од странски донатори и кредитори.
- Го организира учеството на општината на конкурси за финансирање на проекти од страна на странски донатори и кредитори.
- Учествува во подготовката и евалуацијата на целокупната документација што се поднесува до странските донатори и кредитори.
- Ја координира активноста на сите делови на општинската администрација околу реализацијата на проектите финансирани од странски донатори и кредитори .

области од општествената сфера, а во интерес и за добро на граѓаните на Општината Куманово.

До сега Општината Куманово во делот на меѓународната соработка бележи голем напредок, како во воспоставување на контакти и соработка со меѓународни организаци, амбасади кои што се акредитирани во нашата држава, така и со други градови и држави на Балканот и во Европа.

Општината Куманово досега е збратимена со Бања Лука и Бјелина од Босна и Херцеговина, Никшиќ од Црна Гора, Кампина од Романија, Габрово и Пловдив од Република Бугарија, Панчево, Чукарица, Горни Милановац, Лесковац и Врање од Република Србија, Чорлу од Република Турција, а има потпишано и Меморандуми за соработка со Марибор од Република Словенија, Нови Сад од Република Србија, Ќустендил и Дупница во Република Бугарија, во 2020 година потпиша Меморандум за соработка и со Општина Гњилане од Република Косово, каде досега успешно остварува соработка во дел на имплементација на заеднички проекти финансирани од страна на Европската Унија, додека во 2022 година е потпишан Меморандум за соработка и со Општина Малишева од Косово. Општината Куамново по повод 505 години одпосетоење на Град Куманово, во 2024 година пшотпиша Меморандум за соработка и со општината Елин Пелин од Република Бугарија, каде преку интензивна соработка ќе се пристапи и кон потпишување на Договор за соработка (збртимување) помеѓу двете општини.

Воедно, Општината Куманово, оддржува и ги унапредува меѓусебните односи и релации и со други општини, како Општина Лесковац, Општина Бујановац и Владички Хан од Република Србија, Општина Драч од Република Албанија.

Општината Куманово со погоре наведените општини ја негува и унапредува својата соработка преку бројни заеднички посети и состаноци, размена на идеи и искуства во областа на работа со прокети, поврзување како партенри за учество на повици за проекти за прекугранична соработка, како што е случајот со Општина Гњилане, за прекугранична соработка Македонија-Косово, каде успешно се реализирани 2 проекта, Општина Бујановац и Владички Хан, за прекугранична соработка Македонија-Србија, Општина Дупница, за прекугранична соработка Македонија-Бугарија, кое што резултираше и со добивање на финансиски средства за имплементација на проект "Заедничка историја и култура-мост преку границите", како и имплемтацијата на проектот "Зголемување на туристичкиот потенцијал во Ќустендил и Куманово преку модерна визија во регионите преку Програмата INTERREG – IPA CBC број 2014TC16I5CB006 помеѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија, односно Општина Ќустендил и Општина Куманово. Во делот на прекуграничната соработка, Општината Куманово заедно со Центар за развој на Североисточенплански регион Куманово, во соработка со општина Ќустендил од Република Бугарија во 2025 година почнаа да го имплементираат проектот "Урбано разеленување за здраво дишење", финансиски поддржан од страна на ЕУ.

Општина Куманово и Лесковац пред 65 години имаа потпишано договор за збратимување и имале одлична меѓусебна соработка на сите нивоа во општините, која соработка со изминатите години бледнеела и се губела , што беше предизвик и поттик таа соработка да се обнови , за што беа и двете страни заинтересирани. Со идејата за обновување на нашата соработка, произлезе можноста за заеднички настап на повикот за прекугранчна соработка помеѓу Србија и Северна Македонија за период од 2021-2027 година.

Во 2024 година со проектот ( Pathways to prosperity) "Просперитетни патишта на соработка помеѓу Куманово и Лесковац." Во апликацијата на проектот беше предвидено развој на меѓусебната соработка , поддршка на локалните економии , како и развој на туристичките капацитети и туризмот во двете Општини.

Со овој проект е предвидено реконструкција и адаптација на визитинг центарот-Пелинце (собите за сместување, библиотеката,амфитеатарот,оштетениот покрив на објектот, стаклената купола, заедничките простории и санитарни јазли со затоплување на вистите со партерно уредување. Српската страна ( Лесковац) преку својата градска туристичка организација дава поттик на развој на туризмот на двете страни во двата региона, со смарт-табли за реклами и презентација на туристичката понуда на Србија и Северна Македонија.

Вкупната вредност на проектот е 666.599,60 евра, од кои 499.570 евра е учество – грант на ЕУ, а останатите 167.029 евра е учество на Општина Куманово(92,333 евра) и Лесковац со (74,695 евра).

Во 2026 година , уште еден поголем Европски проект ќе се реализира од страна на Секторот, каде што Куманово ќе го поврземе со повеќе од 50 градови од Европа, а од регионот попретпознатливи градови се Ниш,Цветиње и Загреб.

Проектот( Pathways2Resilience) е одобрен од надзорниот одбор за доделување грантови, какок дел од Horizon Europe – Рамковна програма за истражувње и иновација (2021-2027 годинаО. Во вредност од 210. 000 евра, а насловот на проектот во Македонија е "Отпорно Куманово: Градење на климатската подготвеност на Куманово" во контекст на Северноисточниот плански регион. Проектот ќе трае 18 месеци , а ќе го реализираат Општина Куманово и Смарт –Ап лабораторија за социјални иновации Скопје. Средствата одобрени од страна на надлежниот орган во целост се грант, без никакво учество на Општина Куманово.

Овој проект (P2R) предизвикува да се изработат три поврзани документи од значење на општината, а тоа се :

- Климатска стратегија за отпорност
- Акциски план за климатска отпорност
- Инвестициски – финансиски план

Со напомена дека овие документи не се нови секторски-општински планови, туку рамка, надградба на постоечките веќе донесени планови од страна на Општината.

Како приоритетна задача е обновување на воспоставени релации на соработка со збратимените градови/општини, но и воспоставување на нови релации и можности за соработка во домен на надлежностите на локалните самоуправи.

Соработката, помеѓу Општината Куманово и збратимените општини, односно општините со кои имаме потпишано Меморандум за соработка, но и со оние општини со кои се планира воспоставување на соработка, ќе бидат насочени на полето на културата, спортот, образованието, размена на позитивни идеи и искуства во делот на функционирањето на администрацијата, како и учество во разни програми за финансирање на проекти од разни донатори и меѓународни организации како УНДП, УСАИД, АЛДА, ХАБИТАТ, ГИЗ, ТИКА, ЈИКА и други.

Од друга страна пак, Одделението за меѓународна соработка и евроинтеграции, интензивно работи на промоција на Општината Куманово на меѓународен план, како општина која нуди

добри услови за соработка, но и можности за инвестирање во истата, во разни бизниси, се со цел да се привлечат поголем број на странски, но и домашни инвеститори.

Во делот на соработката со Европска Куќа Крива Паланка, Општината Куманово, преку Одделението за меѓународна соработка и евроинтеграции, и во текот на 2026 година, останува посветена на долгогодишната успешна соработка со ЕУ Хоусе Крива Паланка, но и со останатите EU HOUSES во Република Северна Македонија, се со цел за поголема соработка, промоција на млади, промоција на европски вредности, промоција и поддршка на млади таленти.

Одделението за меѓународна соработка и евроинтеграции како до сега така и во тек на 2025 година, ќе ја продолжи соработката со другите сектори и одделенија во состав на општинската администрација на Општина Куманово, каде досега заеднички успешно се подготвени проектни апликации за добивање финансиски средства за проекти, но и реализирани проекти од областа на инфраструктурата, а посебно ќе се потенцира соработката помеѓу:

- Сектор за комунални работи,
- Сектор за урбанизам,
- ЈП Куманово План.
- Други јавни претпријатија и сектори во Општина Куманово.

## II ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ, СЛЕДЕЊЕ И (ЛЕР)

Во текот на **2026 година**, Одделението за стратешко планирање, креирање политики, следење и локален економски развој (ЛЕР) ќе продолжи со интензивна работа на **планирање и имплементација на мерки и активности** насочени кон понатамошно унапредување на локалниот економски развој, во целосна согласност со усвоените стратешки и развојни документи на Општина Куманово.

Преку **зајакната и координирана соработка** со останатите одделенија во општината, јавните институции, граѓанските организации, бизнис секторот и меѓународните партнери, Одделението ќе се фокусира на спроведување активности поврзани со **целите за одржлив развој**, со посебен акцент на:

- поттикнување на вработувањето, особено кај младите;
- поддршка и развој на занаетчиството и малите бизниси;
- унапредување на руралниот развој;
- промоција на локалниот туризам;
- поддршка на органското и одржливото производство;
- унапредување на социјалниот и инклузивниот економски развој, со интегрирање на мерки за енергетска ефикасност и адаптација кон климатските промени.

Планираните мерки и активности за 2026 година ќе бидат насочени кон **јакнење на локалните институционални и економски капацитети,** подобрување на деловното опкружување и креирање долгорочни и одржливи економски можности. Посебно внимание ќе биде посветено на **младите, жените, ранливите категории и руралното население**, при што ќе се применуваат принципите на **одржлив развој, родова еднаквост и социјална инклузија.**

I. Подготовка на стратешки планови и програми за развој на Општина Куманово

Одделението за стратешко планирање, креирање политики, следење и локален економски развој (ЛЕР) во текот на 2026 година ќе продолжи со подготовка, следење и имплементација на стратешки планови и програми, како и со нивен мониторинг, евалуација, ревидирање и усогласување со регионалните, националните и меѓународните стратешки документи.
Активностите ќе се реализираат врз основа на веќе донесените и важечки стратешки документи, меѓу кои:

- Стратегија за локален економски развој (2020–2024);
- Стратегија за туризам (2020–2024);
- Стратегија за делување на Локалниот економски совет (2022–2026);
- Стратегија за рурален развој (2023–2027);
- Стратегија за Роми на Општина Куманово (2023–2030);
- Акционен план за одржлива енергија и клима (АПОЕК) на Општина Куманово (2024–2030);
- Стратегија за млади ( 2026 -2030);
- Стратегија за социјална заштита (2026 – 2030);
- Стратегија за родова еднаквост (2026 – 2030);

Во 2026 година, Одделението за ЛЕР ќе иницира и подготовка на нови истражувања, анализи и стратешки документи, кои ќе претставуваат основа и појдовна точка за дефинирање на приоритетни проекти и активности, со цел аплицирање за финансиска поддршка кај домашни и меѓународни донатори. Процесот на изработка на стратешките документи ќе се базира на инклузивен и партиципативен пристап, со активно вклучување на поширока целна група, вклучувајќи: граѓански организации, јавни институции, бизнис секторот, граѓани и други релевантни чинители.
За реализација на наведените активности се предвидува спроведување на следните чекори:

- Анализа на тековната состојба;
- Изработка на SWOT анализа;
- Прибирање и анализа на релевантни податоци и информации;
- Дефинирање на стратешка рамка, визија, приоритети и стратешки цели;
- Изработка на акциски планови;
- Транспарентност на драфт верзијата пред граѓаните;
- Лекторирање и финализирање на стратешките документи.

1.2 **Изработка на Стратегија за локален економски развој за периодот 2026–2030 година за Општина Куманово.**

Законската основа за изработка на Стратегија за локален економски развој произлегува од Законот за локална самоуправа, член 22, став 1, точка 3 („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), со кој локалниот економски развој е утврден како една од клучните надлежности на општините. Во согласност со законот, општините имаат обврска да вршат планирање на локалниот економски развој, да ги утврдуваат развојните и структурните приоритети, да водат локална економска политика, да обезбедуваат поддршка за развој на

малите и средните претпријатија и претприемништвото, како и да промовираат партнерство помеѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.

Постојната Стратегија за локален економски развој на Општина Куманово има важност до 2024 година, поради што се јавува потреба од изработка на нова среднорочна стратегија која ќе ги дефинира насоките на локалниот економски развој за периодот 2025–2029 година.

Во текот на 2026 година се планира изработка на Стратегија за локален економски развој за периодот 2025–2030 година, која ќе претставува клучен стратешки документ за насочување на економскиот развој на општината. Документот ќе обезбеди континуитет со претходната стратегија, преку спроведување на евалуација на постигнатите резултати, идентификување на научените лекции и дефинирање на нови приоритети во согласност со актуелните економски, социјални и еколошки предизвици.

Стратегијата ќе биде изработена преку јасно дефиниран и логички структуриран процес на стратешко планирање и ќе ја содржи следната основна структура:анализа на тековната состојба во локалната економија, анализа со цел идентификација на силните и слабите страни, можностите и заканите и стратешки дел со дефинирани визија, приоритети, стратешки цели и мерки.

Со цел обезбедување на инклузивност и транспарентност, во процесот на изработка на Стратегијата ќе биде формирана работна група, која ќе учествува во сите фази на подготовка на документот. Работната група ќе биде составена од претставници на релевантните општински сектори и одделенија, јавни институции, членови на Советот на Општина Куманово, како и претставници на граѓанскиот и бизнис секторот.

Поради принципот на транспарентност, пред да биде ставена на дневен ред на седница на Советот, документот ќе биде објавен на официјалната интернет страница на Општина Куманово најмалку две недели однапред, со цел граѓаните навремено да бидат информирани и да имаат можност да доставаат свои препораки и сугестии, кои дополнително ќе бидат разгледани.

**Буџет:** За реализација на активноста се предвидени **150 000 денари**, обезбедени од Буџетот на Општина Куманово за 2026год.

### 1.2. Изработка на Водич за инвеститори во Општина Куманово

Изработката на Водич за инвеститори во Општина Куманово има за цел да обезбеди сеопфатен, јасен и лесно разбирлив информативен документ наменет за домашни и странски инвеститори, со кој ќе се олесни процесот на информирање и донесување инвестициски одлуки.

Водичот ќе содржи систематизирани информации за економските, инфраструктурните и институционалните потенцијали на општината, вклучувајќи ги можностите за инвестирање, расположливите индустриски и деловни зони, комуналната и сообраќајната инфраструктура, човечките ресурси, образовните и стручните капацитети, како и можностите за користење државни и локални поволности и мерки за поддршка на инвестициите.

Дополнително, документот ќе обезбеди практични информации поврзани со административните постапки, дозволите и процедурите потребни за започнување и реализација на инвестиции, со јасно дефинирани чекори, надлежни институции и контакт

точки. На овој начин ќе се придонесе кон зголемување на транспарентноста, ефикасноста и предвидливоста на инвестициската клима во Општина Куманово.

Водичот ќе биде изработен во соработка со релевантните општински одделенија, јавни институции и бизнис секторот, а ќе биде достапен во електронска форма и истиот ќе биде објавен на официјалната интернет страница на Општина Куманово.

Со неговата изработка и промоција се очекува унапредување на видливоста на општината како атрактивна и конкурентна инвестициска дестинација, како и зголемување на интересот за нови инвестиции и отворање на нови работни места.

За ова актигвност не се предвидеи финансиски средства Водичот ќе биде изработен од вработените во Одделение за ЛЕР

## 2. Проекти финансирани од странски донатори и ЕУ за поттикнување на одржлив развој

### 2.1. III Фаза Проект: „ЕУ за чист воздух "

Општина Куманово во 2025 година ја реализираше втората фаза од проектот „ЕУ за чист воздух", кој е дел од Инструментот за претпристапна помош – ИПА 2021. Проектот е финансиран од Делегацијата на Европската Унија, а имплементатор и потписник на програмата е Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги (UNOPS).
Согласно потпишаниот Меморандум за соработка со UNOPS, Општина Куманово во 2025 година доби значителна поддршка за унапредување на животната средина, која опфати замена на системите за греење во јавните објекти со извори на чиста енергија, зголемување на зелените површини и подобрување на мониторингот на квалитетот на воздухот.
Во 2024 беа гасифицирни СТСУ Наце Буѓони и училишниот интернат Професор Мијалковиќ. Во 2025 год година беа гасифицирани: ООУ „Толи Зордумис";ООУ „Браќа Миладиновци" / ООУ „Крсте Мисирков"; Музичко училиште „Панче Пешев";
Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово; Центар за вработување Куманово; Сектор за внатрешни работи Куманово; Основен суд Куманово.
Покрај деветте гасифицирани објекти, соработката со УНОПС ќе продолжи и во 2026 година.
Објекти ставени во план за гасификација за 2026год се:

- Здравствен дом – Куманово;
- ООУ Наим Фрашери;
- ООУ Вук Караџиќ;
- Објект „Славечје"за детска градина „Ангел Шајче"

Вклучувајќи ја и 2026 година, преку проектот ќе бидат приклучени вкупно 15 објекти, кои преставуваат загадувачи на воздих.

Со замената на системите за греење од лесно гориво на природен гас, емисиите на загадувачки супстанции значително се намалуваат.

Покрај ова како бенефит се јавува и економскиот дел со заштедите на греење но и приходите кои ќе одат на сметка на Куманово Гас.

Дополнително во 2026год ќе се обезбеди нов алтернативен котел за музичко училишпте „Панче Пешев". Сите претходни објекти имаат алтернативно решене за греење. Новиот котел во висина од 900,000 денари и Приклучните делници во висина од 59.000 денари се предвидени во развојна програма.

Активноста и ова година ќе биде имплементирана во тесна соработка и со поддршка на ЈП „Куманово Гас", при што приклучоците за гасификација е ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Куманово за 2026год. Предвидени во развојна програма.

Буџет: Вкупната вредност на инвестицијата за 2026 година изнесува 27.100.000 денари , од кои 25.000.000 денари од ЕУ а 2.100.000 денари се обезбедени од Буџетот на Општина Куманово за 2026год.

**2.2. Втора фаза од имплементација на проектот преку City Climate Gap Fund**

Реализација на проект од програмата City Climate Gap Fund, имплементиран од Светска банка и Европската инвестициона банка (ЕИБ), во партнерство со Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ).
Одлуката за одобрување на проектот е донесена од страна на Техничкиот секретаријат (ТС), составен од претставници на ЕИБ и GIZ, по разгледување на апликацијата поднесена од Општина Куманово, со која општината изрази интерес и посветеност за реализација на проектот.

Во рамките на проектот беше обезбедена техничка помош за изработка на предфизибилити студија за управување со поплави во Куманово. Преку проектот е изработен драфт на физибилити студијата за управување со поплави, која својата конечна верзија ќе ја добие до крајот на февруари, по што ќе биде ставена на разгледување и објавена на официјалната веб-страница на Општина Куманово. Ова техничка поддршка има особено значење за регионот, имајќи ја предвид неговата географска положба. Во иднина, студијата ќе претставува еден од основните документи за подготовка на урбанистички планови, основни проекти и други типови на проектна документација.

Во втора фаза од проектот ќе бидат одредени дел од приоритетните мерки за финансирање. Дел од мерките ќе бидат финансирани од City Climate Gap Fund.

Финансиските средства ќе бидат обезбедени од донаторот.

**2.3. Втора фаза Јакнење на капацитетите на ТППЕ Куманово и набавка на опрема/возила**

Во текот на 2024 година беше воспоставена соработка со Австриската амбасада во Република Северна Македонија, во рамки на проект чија цел е јакнење на капацитетите и размена на искуства со противпожарни единици од Тирол, како и набавка на опрема, односно противпожарни возила за гасење пожари во урбана средина.
Општина Куманово аплицираше со проект кој е целосно наменет за Териоријалната противпожарна единица (ТППЕ) Куманово. Претходно беа реализирани активности во делот на јакнење на капацитетите и размена на искуства, при што директно беа вклучени вработените во ТППЕ Куманово.

Согласно методологијата подготвена во соработка помеѓу Одделението за ЛЕР и ТППЕ Куманово, беа дефинирани мерки за брза интервенција при спречување на пожари, како и воспоставување волонтерски механизми за рано откривање, навремена превенција и

реакција за време на пожари. Методологијата ги содржи условите што треба да ги исполнат Општина Куманово, ТППЕ Куманово и Тиролската покраина.

Во 2025 година, преку проектот беа набавени три противпожарни возила, и тоа: противпожарно возило со хидраулична скала за Куманово, противпожарно возило за урбана интервенција за Куманово, противпожарно возило за с. Пчиња, наменето за рана интервенција согласно развиената методологија.

За 2026година е предвидено набавка уште две возила за две различни локации. Со поставување на протипожарни возила на утврдени локации за рана интервенција ќе се намали ризикот за прошиирување на шусмки пожари а со вклучување на нови волонтери од различни средини, кои ќе поминат обука ќе се намали ризикор од пожари.

**Буџет:** Вкупната вредност на проектот изнесува 3.000.000 денари, при што финансиските средства се целосно обезбедени од донаторот.

### 2.4. Потпишан договор за проект од програмата EU Mission Platform – NetZero Cities, финансиран од Европската Унија

Целта на овој проект, кој е дел од Твининг програмата за учење, е утврдување на условите и одредбите под кои претставниците на Мисионерските градови, како и Твин и Следбени градови, доброволно се обврзуваат да учествуваат во програмата.

Проектот ќе се реализира во периодот од 01.12.2025 година до 31.12.2026 година.

Договорот се склучува во рамките на проектот NetZero Cities помеѓу Мисионерскиот град и Твин и Следбени градови. Согласно договорот, Брно е Мисионерски град, Сараево е Твин град, а Куманово е Следбеник град.

Преку оваа програма, сите три града се приклучуваат кон Твининг програмата за учење и доброволно се обврзуваат да развијат заедничка програма за соработка и меѓусебно учење, која вклучува лекторски активности, размена на знаења и споделување на искуства.

До крајот на 2026 година ќе се развие акционон план со Сараево и Брно каде што ќе се опфатат мерки изводливи за иплементација во Општина Куманово.

По акцискиот план дел од мерките ќе бидат финансирани од ЕУ. Приоритет на проект е урбаната мобилност во Куманово, решавање на сообраќајот, заштита на пешаците како, развој на велосипедизмот, услови за пешаците и други активности.

Финансиските средства за реализација на проектот се целосно обезбедени од програмата NetZero Cities.

### 2.5. Реализација на проект: „Пешачка зона во централно градско подрачје во Општина Куманово – урбана интервенција за подобрување на квалитетот на воздухот", потпишан договор за грант со УНДП

Проектот е финансиран преку Фондот за техничка документација, кој е наменет за изработка на техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти од областа на животната средина, како дел од програмата на УНДП преку проектот „Јакнење на општинските совети – Фаза 2".

Проектот „Пешачка зона во централно градско подрачје во Општина Куманово – урбана интервенција за подобрување на квалитетот на воздухот" е директно поврзан со мерките предвидени во стратешките планови на Општина Куманово, каде што транспортот е една од главните причини за загадување на воздухот.

Системот за пешачка комуникација во централното градско подрачје се состои од тротоари и плоштад. Пешачките тротоари се изградени долж најголемиот дел од сообраќајниците, согласно просторните можности, како еднострани и двострани. Најинтензивно користење се забележува во утринските и попладневните часови во централното градско подрачје.

Една од главните причини за сообраќајниот метеж е високото ниво на употреба на автомобили за дневни патувања, кое изнесува 46,9%. Најчеста цел на користење на автомобилот е патување до и од работното место, превоз на деца до и од образовни установи, како и извршување на работни обврски.

Протокот на возила на локацијата опфатена со проектот создава сообраќаен метеж, зголемено загадување на воздухот и забавен проток на пешаци, додека условите за велосипедисти се минимални. Поради густ сообраќај и блокирани тротоари, пешаците во централното градско подрачје имаат ограничен простор за движење, особено имајќи предвид дека станува збор за сообраќајно тесно грло со континуиран проток на возила во текот на целиот ден.

Имајќи ја предвид ваквата состојба, целта на проектот е изведба на пешачка зона во центарот на Општина Куманово со цел подобрување на транспортната инфраструктура, сообраќајниот режим и квалитетот на воздухот.

Проектот опфаќа изработка на техничка документација за атмосферска и канализациона мрежа, како и за пешачка зона на улиците „Илинденска" и „Ленинова" во централното градско подрачје.

Проектот ќе се реализира во 2026 година. Изработката на условите за подготовка на техничаката документација ќе биде преку соработка со УНДП .

До крајот октомври 2026 треба комплетно да биде завршена каде што ќе следи изнаоѓање на средства за нејзина реализација во 2027 год.

Овој дел ќе биде системски со изработка на комплетна документација, а во 2027 год да се реализра изведба.

**Буџет:** Вкупната вредност на проектот изнесува 2.917.214 денари, од кои 2.361.302 денари се обезбедени од УНДП, а 555.912 денари од Буџетот на Општина Куманово.

### 2.6. Реализација на проектот „Зелени решенија за адаптација на климатските промени во Општина Куманово"

Во октомври 2025 год., Општина Куманово, во партнерство со Центарот за одржлив развој „Алка"аплицираше со проект „Зелени решенија за адаптација на климатските промени во Општина Куманово" на програмата Green Climate Fund Application финансирана од ЕУ. Одоговор од ЕУ треба да се добие до крај на јуни 2026 година каде што дополнително проектот ќе биде презентиран пред членови на Совет на Општина Куманово.

Пректот има за цел: Развивање и имплементација на сет на мултифункционални урбани интервенции – вклучувајќи зелени покриви и фасади, отстранување на запечатени

(асфалтирани и бетонирани) површини и изградба на климатски отпорни пешачки коридори со унапредени водоводни и системи за управување со атмосферски води , со цел да се зајакне адаптивниот капацитет на градот кон екстремни временски појави, да се обнови природниот воден биланс и да се подобри квалитетот и животната средина на јавните простори.

Предвидени активности:

1. Проширување на урбаното зеленило и биодиверзитет
   - Инсталирање зелени покриви и фасади на општински објекти, вклучувајќи ССОУ „Наце Буѓони";
   - Воведување вегетациски системи за намалување на топлотниот остров, подобрување на енергетската ефикасност и поддршка на биодиверзитетот.
2. Отворање и натурализација на запечатени површини
   - Претворање на непропустливи површини (паркинзи, јавни простори) во зелени, безбедни и инклузивни простори.
   - Подобрување на инфилтрацијата на водата, намалување на површинскиот истек и обновување на локалните екосистеми.
   - Имплементација на мултифункционални зелени инфраструктури, како заеднички градини и рекреативни површини.
3. Унапредување на водната инфраструктура
   - Рехабилитација и модернизација на системите за водоснабдување и атмосферски води.
   - Интегрирање одржливи и природни решенија за управување со поплави и обилни врнежи.
   - Користење ГИС мапирање и проценки на ризик од поплави за подобрување на инфраструктурата.
4. Климатски отпорни пешачки коридори
   - Претворање на централното градско подрачје во пешачка зона со зелени патеки.
   - Изградба на климатски отпорни автобуски станици со интегрирани зелени елементи и соларни панели.
5. Зголемување на институционалните и заедничките капацитети
   - Обуки за општински персонал, локални компании и граѓански организации за адаптација кон климатските промени и одржливо урбано планирање.
   - Работилници и учество на жени, млади и етнички малцинства во дизајн и одржување на зелени простори.
   - Кампањи за подигање на свест и воспоставување координациски платформи за долгорочна климатска отпорност.

Буџет: Вкупната вредност на проектот е : 98.400.000 денара од кои 4.920.000 денари ќе биде предвидено како кофинансирање на Општина Куманово.

**2.7. Имплементација на Програма: Инклузија на децата надвор од наставата во образовниот систем**

Програмата **е** финансирана од Песталоци Фондација – Детско село, Троген, Швајцарија, преку својата Подружница во Скопје.

Програмата има за цел да обезбеди поддршка и еднакви можности за деца кои се надвор од редовниот образовен процес, преку нивно активно вклучување во наставата и унапредување на нивниот образовен напредок. Преку финансиска и менторска поддршка, програмата придонесува кон намалување на образовниот јаз и зголемување на стапката на редовно учество на децата во образовниот систем.

Во текот на имплементацијата, програмата успешно се реализира во две основни училишта: ОУ„Наим Фрашери“ и ОУ „Христијан Карпош“, каде што обезбедува континуирана поддршка за учениците вклучени во процесот на образование.

Предвидуваме програмата да продолжи и во 2026 година, со проширување на опфатот и зголемување на бројот на стипендисти на вкупно 30 ученици во двете основни училишта, со што дополнително ќе се зајакне нејзиното позитивно влијание врз образовната инклузија и социјалната интеграција на децата.

Предвидени средства од Песталоци 366.000.00 денари

**2.8. Соработка со Асоцијацијата Алзас во Македонија – АЛМА , реализација на активности за идна соработка со претседателот на АЛМА и почесен конзул на Република Македонија во Француската Република, со седиште во Стразбур.**

**Реконструкција на прозорци во ОУ „Толи Зордумис“ – с. Ржановце**

Воспоставена соработка за поддршка на донација обезбедена од Франција, за Проектот за реконструкција и замена на прозорците во Основното училиште „Толи Зордумис“ во село Ржановце. Проектот има за цел значително подобрување на условите за учење и работа во училиштето, како и унапредување на енергетската ефикасност и безбедноста на училишниот објект.

Преку реализацијата на ова донација, се овозможи создавање поквалитетна и поздрава средина за учениците и наставниот кадар, со намалување на топлинските загуби, подобра изолација и зголемена функционалност на училниците. Оваа интервенција придонесува и кон намалување на трошоците за греење и одржување на објектот, како и кон долгорочна заштита на училишната инфраструктура.

Проектот претставува значаен пример за успешна меѓународна соработка и поддршка во областа на образованието, како и за континуираната заложба за подобрување на образовните услови во руралните средини.

Буџет: Финансиски средства во износ од 150.000 денари се обезбедени од донаторот.

**2.9. Планирана донација – Опрема за Општата болница Куманово**

Преку воспоставената соработка со Општина Куманово, во соработка со Соработка со Асоцијацијата Алзас во Македонија – АЛМА , реализација на активности за идна соработка со претседателот на АЛМА и почесен Конзул на Република Македонија во Француската Република, со седиште во Стразбур. Во 2026год. се предвидува реализација на донација на медицинска и болничка опрема за потребите на Општата болница Куманово.

Донацијата ќе опфати болнички кревети, постелнини и друга неопходна опрема, со цел унапредување на условите за лекување и престој на пациентите, како и подобрување на квалитетот на здравствените услуги.

Со оваа донација се очекува значително подобрување на болничката инфраструктура и опременост, што директно ќе придонесе кон зголемена безбедност, хигиена и удобност за пациентите, како и подобри услови за работа на здравствениот персонал. Проектот е насочен кон зајакнување на капацитетите на болницата и одговор на реалните потреби на здравствениот систем на локално ниво.

Планираната донација претставува уште еден позитивен пример за меѓународна солидарност и соработка, како и за континуираните напори за унапредување на здравствената заштита во Општина Куманово.

Буџет: Финансиски средства во износ од 1.000.000 денари, се обезбедени од донаторот.

**2.10. Реализација на програма на ЕУ со проектот enROM – мулти-нивоен пристап за справување со енергетската сиромаштија**

Проектот е аплициран во 2025год, во рамки на иницијативите за намалување на енергетската сиромаштија, аплициран е проектот enROM: „Мулти-нивоен пристап и корелирана поддршка за справување со енергетската сиромаштија во Југоисточна Европа преку политики засновани на докази и скалирани најдобри практики", во кој Општина Куманово учествува како партнер.

Проектот има за цел воспоставување интегриран пристап за идентификување и решавање на проблемите поврзани со енергетската сиромаштија, преку примена на мулти-нивоен пристап, докажани најдобри практики и развој на политики засновани на докази. Се очекува проектот да придонесе за подобра социјална и енергетска инклузија на ранливите групи и промоција на одржливи решенија за енергетска ефикасност.

Во моментот, проектната апликација е поднесена и се очекува одговор од Европската Унија.

Учеството на општината подразбира обезбедување на човечки ресурси и локална поддршка за успешна имплементација на активностите на проектот, вклучително координација со локалните институции, мониторинг на активности и олеснување на комуникацијата со сите засегнати страни. На овој начин Општина Куманово активно придонесува кон постигнување на проектните цели и ефективна реализација на предвидените мерки.

Вкупен буџет на проектот: 112.664.433 денари

Учество на Општина Куманово: 6.698.949 денари, кои ќе бидат прикажани како плати преку ангажман на проектен координатор и експерти вработени или ангажирани од Општина Куманово.

.

**3. Јакнење на граѓанското општество за активно учество во процесите на донесување одлуки**

3.1. Мобилизација, вмрежување и подршка на граѓански организации за реализација на активности за решавање на локални проблеми.

Во 2026година Општина Куманово преку Одделението за ЛЕР, самостојно ќе објави Јавен повик за финансирање на граѓански организации и фондации од Општина Куманово за 2026год.

Постапката за јавниот повик ќе биде организирана согласно Методолигија за финансирање на проекти усвоена од Совет на Општина Куманово:

- Организирање на информативни средби за поставување на цели и приоритети;
- Распишување на повик по дадена методологија;
- Одобрување на проекти кои се доследни на развојните цели на Општина Куманово од интерес на граѓаните на општината;
- Мониторинг;

Приоритети кои граѓанските организации ќе ги изберат треба да бидат поврзани со стратешките документи на општина Куманово.

Буџет: Финасиски средства во износ од 600.000 денари предвидени во Буџетот на Општина Куманово за 2026год.

**Активности за локален економски развој**

**4.1. Организирање на Саем за мало стопанство**

Одделението за ЛЕР е во континуирана соработка со Регионалната Занаетчиска Комора Куманово и Фондација за развој на мали и средни претпријатија. Соработката се темели на размена на информации, анализа на потреби за развој на економија.

Согледувајќи ги потребите на занаетчиите од Општина Куманово и нивна поголема промоција, предвидено е организирање на Саем за мало стопанство.

Организација на саемот е со цел општината да ги истакне микро и малите компании кои вршат занаетчиски дејности.

Саемот ќе биде во времетраење од три дена со цел што поголемо афирмирање и акцентирање на занаетчиските производи. Саемот ќе биде во времетраење од три дена, со дополнително организиран бизнис форум на третиот ден. На бизнис форумот ќе присуствуваат искатнати експерти и ментори од област за развој на мало стопанство.

Саемот ќе има влијание на:

- Мотивација и вклучување на младите кои имаат потреба да бидат опфатени со активностите за поттик на вработувањето;
- Стимулирање на микро и мали занаетчии;
- Промоција и за поттик на младинското претприемништво на локално ниво
- Вмрежување и развој на претприемништво;

**Буџет**: Финансиските средства во износ од 200.000 денари предвидени во Буџетот на Општина Куманово за 2026год

## 4.2. Организирање на манифестација „Суџуклијада 2026“

Во октомври Организирање на манифестација „Суџуклијада“, во соработка со здружение на угостители „Бисер“. Здружението на угостители е членка на Туристичко - угостителската комора во состав на Сојузот на стопански комори на Северна Македонија.
На менифатацијата ќе учествуваат локални, национални и меѓународни компании од област на месна индустрија.
Целта на манифестацијата е да се спојат традицијата, туризмот и економијата. Преку промоција на локалните компании за месна индустрија и локалните угостители како и продажба на своите производи да се привлечат поголем број на граѓани со што директно би влијалеле на културниот живот но и на економскиот развој.

Буџет: Финансиски средства 250,000 денари, предвидени во Буџетот на Општина Куманово за 2026год.

## 4.3. Избор на најдобар Сувенир на град Куманово за 2026год.

Секоја година традиционално Општина Куманово врши избор за најдобар сувенир на град Куманово. Општина Куманово на овој начин подржува идеи и автентични трудови да придонесат кон креирањето на производ кој ќе го отсликува карактерот на градот, во насока на зголемена промоција.На овој начин се дава подршка и мотивација за работа на дел од занаетите.
Реализирани активности:

- Објавување на повик со однапред поставени критериуми и приоритет кој се состои од елементите на препознатливност и да ја отсликува традицијата и културно-историските, духовни, материјални и природни богатства на градот Куманово;
- Избор на сувенир;
- Промоција;

Буџет: Финансиски средства во износ од 150.000 ден, предвидени во Буџетот на Општина Кумаово во 2026год.

## 4.4. Организирање на „Осмомартовски саем“

Со цел одбележување на 8 Март – Меѓународниот ден на жената, Општина Куманово во соработка со Регионална занаетчиска комора ќе организира Осмомартовски саем, како јавен настан насочен кон поддршка и промоција на женското претприемништво и креативност. Саемот ќе се организира во период од 6 дена во изложбени дрвени штандови. Саемот ќе овозможи изложбено и продажна презентација на производи и услуги со приоритет на жени-претприемачи, занаетчии, уметници и граѓански организации од општината.

Преку реализација на овој настан, Општина Куманово ќе придонесе кон поттикнување на локалната економија, зголемување на видливоста на женскиот труд и

афирмација на родовата еднаквост. Настанот ќе се одржи на соодветна јавна локација во градот, во периодот околу 8 Март, и ќе биде отворен за пошироката јавност.

Буџет: 400.000 денари од Буџетот на Општина Куманово за 2026 год.

### 4.5. Субвенција на стари занаети

Регистрирани се 334 занаетчии кои се занимаваат со еден од 37 занаети. Занаетчиите имаат потреба од подобрување на условите за работа во занаетчиството, обезбедување пазар, подобрување на квалитетот на занаетчиското производство, но и будење, враќање на старите занаети, особено на оние кои со себе носат културни и етнички белези. Со цел да го спречиме изумирањето на старите занаети општина Куманово реализира субвенција на занаетчии кои се занимаваат со стари занаети и тоа:

- кондураџиско-чевларски и опинчарски занает;
- филигранско-којунџиски занает;
- ќурчиско-кожуварскиот занает;
- грнчарскиот занает;
- лимарски занает;
- ковачко-коларскиот занает;
- часовничарскиот (саатчискиот занат)
- копаничарскиот занает;
- друг вид на занети кои се сметаат за стари

Буџет: Финансиски средства 150,000ден, предвидени во Буџетот на Општина Кумаово за 2026год.

### 4.6. Реализација на активности преку Локална Акциона Група АБЕР 2015

Територијата на ЛАГ „Абер 2015" е составена од териториите на општините Липково, Старо Нагоричане и Куманово со исклучок на градот Куманово. Територијата на ЛАГ за „Абер 2015" е рурална средина во чиј состав постојат 107 рурални заедници – населени места. Ваквата класификација е согласно дефинициите за рурални средини, рурални заедници и рурални региони од Законот за земјоделство и рурален развој (Сл. Весник 49/2010, член 63).

ЛАГ-от претставува просторна економска, климатска, релјефна и социо-културна целина или подрачје (микрорегион) кој територијално припаѓа на Североисточниот плански регион, поточно во неговиот западен дел. ЛАГ-от го одликуваат одделни кохезивни елементи во делот на природните ресурси, создадените вредности, социо- културните и економските поврзаности од една страна, но во исто време разнвидноста на секоја од овие области е голема со што се зголамува вредноста на самиот простор на ова подрачје.

Стратешките цели на ЛАГ-от се:

- Унапредување на конкурентноста на земјоделството преку зголемен принос и подобар квалитет на земјоделските производи;
- Развој на руралната економија;

- Развој на рурален туризам и промоција на традиционална храна;
- Заштита и оддржливо искористување на животната средина;

Буџет: Поддршка за полесно реализирани активности во рурален развој од 800,000 денари, се предвидени во Буџет za 2026 на Општина Куманово.

**4.7. Поддршка и промоции на органско производство - Финансирање на саемска манифестација „Органска Трпеза за 2026год.“**

Органско земјоделско производство ја избегнува употребата на синтентички ѓубрива, пестициди и на генетички модифицирани организми и притоа го избегнува загадувањето на животната средина и го подобрува опстанокот на меѓусебно позразните заедници на растенија, животни и човекот.

Органското производтво го промовира и поддржува биодиверзиетот, природните биолошките циклуси и биолошката активност на почвата.

За локалните компании кои се занимаваат со органско производство е од големо значење промоција на нивните производи со цел поголема конкуренција на пазар.

Реализирани аактивности:

- Логистичка поддршка на Саем за органско производтво во траење од три дена.
- Контакти со странски донатори;
- Размена на информации со локални производители и креирање на проекти за финансиска и менторска подршка.

Буџет: Финансиски средства: 300.000 денари од Буџетот на Општина Куманово за 2025год.

**4.8. Организирање на „Денови на мед како и Промоција на „Денови на мед со унифицирани етикети на произведувачи“**

Со организирање на саемската манифестација „Денови на мед 2026“, Куманово ќе се постигнат повеќе цели и тоа:

- Запознавање на граѓаните со пчеларите од Куманово и пошироко, со цел да можат директно од произведувачите да дегустираат и да си набават пчелни продукти;
- Запознавање на граѓаните со пчелните производи и начинот на нивната употреба;
- Граѓаните да препознаваат природен од фалсификуван мед;
- Подигање на свеста кај населенито за здрава исхарана и за користење на што повеќе различни пчелни продукти;
- Поттикникување младите пчелари кон развој на пчеларството, преку едукација и поддршка;
- Изложувачите на пчеларска опрема да ги презентираат новитетите во пчеларската опрема, без која не е можно современо пчеларење;
- На оваа саемска манифација се очекува голема посетеност од граѓаните на Куманово, за што ќе се погрижи богатата програма. Медиумска покриеност и информирање на јавноста пред започнувањето на манифестацијата, лепење на информативни постери на клучни места низ градот, истакнување на банери на местото на настанот (плоштад на Куманово), организирање на ликовна и литературна работилница со ученици од основните училишта од Куманово на тема „Пчеларство“.

Со цел поголема промоција на Медот од Кумановско подрачје, Општина Куманово во соработка со Здружение на пчелари „Пчела" ќе ја реализира идејата секоја произведена тегла мед од сите производители кои ќе имаат изложбени штандови на саемската манифестација со унифициран изглед на прозводите.

Финансиските средства за целокупата организација се во износ од 200.000 денари предвидени во Буџетот на Општина Куманово за 2026год.

**4.9. Организирање на Манифестација: „Новогодишно – Божиќен Базар"**

РЗК Куманово и Општина Куманово имаат потпишано Меморандум за соработка, бр. 03-4057/1 од 21.05.2021 година, со општински број 10-15/21 од 21.05.2021 година, преку кој двете страни се стремат кон одржлив економски развој.

По повод новогодишните и божиќните празници, Општина Куманово во соработка со Регионалната занаетчиска комора – Куманово, ќе организира „Новогодишно – Божиќен Базар" - Градски плоштад „Нова Југославија", центар на градот во период од 20.12.2026 – 10.01.2026 година

Резултати:

- Промоција на бизниси и локални производи;
- Развој на економијата и културата;
- Промоција на занаетчиството;
- Поттикнување на одржлив економски развој;
- Создавање позитивно новогодишно расположение кај граѓаните;

Буџет: Финансиските средства во износ од 1.000.000 ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Куманово за 2026год.

**5. Водење на евиденција од областа на угосителство постапувајќи согласно:**

- Барања за заверка на нормативи за храна и пијалоци на уготителски објекти;
- Пријава за утврдување на часот на отпочнување на работното време и распоредот на работното време во угостителски објекти;
- Пријава за исполнување на минимално технички услови за вршење угостителска дејност и започнување со работа;
- Барање за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителски услуги од мал обем;
- Барање за утврдување на минимално технички услови и категоризација на куќи станови и соби за издавање од физички лица и селски домаќинства за вршење на угостителски услуги;
- Изготвување на решение за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителски услуги од мал обем;
- Изготвување на решение за извршена категоризација на угостителски објект за сместување;
- Барање за престанок на важење на решението за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителски услуги од мал обем;

## 5. Останати активности на Одделението за стратешко планирање, креирање политики, следење и ЛЕР во соработка со други сектори од општината, донатори и инситуции.

Локалниот економско-социјален совет и во 2026год. ќе продолжи активно да учествува во организирањето и реализацијата на средби, работни состаноци и јавни настани, насочени кон идентификување, анализирање и адресирање на реалните потреби и предизвици со кои се соочуваат компаниите во Општина Куманово. Преку континуиран и структуриран дијалог со претставници од бизнис-заедницата, институциите и другите релевантни чинители, Советот ќе придонесува кон одржување и унапредување на платформа за отворена комуникација и размена на информации.

Во 2026год, активностите ќе бидат насочени кон унапредување на деловната клима, поедноставување на административните процедури, подобрување на инфраструктурните услови, како и поттикнување на инвестиции и отворање нови работни места. Преку организирање на редовни настани и консултативни средби, ќе се собираат конкретни предлози и препораки од компаниите, кои ќе претставуваат основа за креирање мерки, политики и иницијативи насочени кон одржлив локален економски и социјален развој.

## РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИ ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Вкупно потребни средства за реализирање на активностите за Секторт за меѓународна соработка и евроинтеграции, стратешко планирање, креирање политики, следење и ЛЕР, за 2026 година, по области, се следните:

| | **Одделение за Меѓународна соработка и евроинтеграции** | **Вредност на проектот** | **Учество на Општина Куманово** | **Донатори** | **Предвидена реализација за 2026 година** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Подобрување на енергетска ефикасност во зградите за колективно домување "OSS HABITAT" | 21,677,827.00 | 6507317 | 15,174,509.00 | 2,000,000.00 |
| 2 | проект за прекугранична соработка CBC Serbia and North Macedonia, компонента III ИПА помеѓу Општина Куманово и Лесковац со назив на проектот Pathways to Prosperity. | 40,995,838.00 | 5719500 | 35,276,338.00 | 5,719,500.00 |
| 3 | Спроведување на постапки согласно законски прописи од областа на заштита на културно наследство | 400,000.00 | 400000 | | 200,000.00 |
| 4 | Учество од општина Куманово на проекти од областа на подземна и патна инфраструктура | 10,000,000,00 | 2,000,000.00 | 8,000,000,00 | / |
| 5 | Финансиски средства потребни за реализација на втора фаза од проектот со Светска Банка, подобрувањ на патната инфраструктура | 123,000,000.00 | 200000,00 | 123,000.00 | 43,050,000.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Организирање на настани за Поттикнување на меѓународната соработка и размена на знаења, искуства и идеи | 400,000.00 | 400000 | | 300,000.00 |
| 7 | Организирање на настани од областа на меѓународнатасоработка(посета на збратимени градови и општини) како и нивен престој на делегација во општина Куманово | 300,000.00 | 300000,00 | | 300,000.00 |
| 8 | Финансискисредства за организирање на Ден на Европа, како и други настани и промоции на општината во рамки на соработка со европската делегација во Скопје, ЕУ Хаус на ниво на државата и ЕУ инфо точките во различни општини во државата | 100000,00 | 100000,00 | | 100,000.00 |
| 9 | Изработка на техничка докуменација за аплицирање на проекти од еу фондови и меѓународни донатори | 300000,00 | 300000,00 | | 300,000.00 |
| 10 | Реализација на проект со Европска инвестициона банка | 110,700,000.00 | | 110,700,000.00 | 92,250,000.00 |
| 11 | Реализација на проект Pathways2Resiience(P2R) преку програмата Horizon 2020, | 12,915,000.00 | / | 12,915,000.00 | 6,711,187.00 |
| **ВКУПНО ВО МКД** | | **320,788,665.00** | **15,026,817.00** | **58,573,847.00** | **150,930,687.00** |
| **ВКУПНО ВО ЕВРА** | | **5,216,075.85** | **244,338.49** | **952,420.28** | **2,454,157.51** |
| **ВКУПНО ВО ПРОЦЕНТИ** | | **100%** | **5** | | |

| | **Одделение за стратешко планирање, креирање политики и ЛЕР** | **ВКУПНО ВО МКД** | **Општина Куманово** | **Донатори** |
|---|---|---|---|---|
| 1.2. | Консултантски услуги Изработка на Стратегија за локален економски развој на Општина Куманово за период 2026 -2030год. | 150,000.00 | 150,000.00 | - |
| 2.1. | Имплементација на проектот“ЕУ за чист воздух“ дел од програмата ЕУ Стандарди за животна средина и проекти за чист воздух (ИПА 2021) за | 27,100,000.00 | 2,100,000.00 | 25,000,000.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | дополнителни 4 објекти | | | |
| 2.1.1 | Котел на дрва за музичко училиште Панче Пешев | 900,000.00 | 900,000.00 | - |
| 2.1.2 | Приклучна делница од МРС до гасен котел на локални институции: Панче Пешев, Толи Зордумис и Браќа Миладиновци/ Крсте Мисирков elnica od MRS | 59,000.00 | 59,000.00 | - |
| 2.3. | Втора фаза Јакнење на капацитетите на ТППЕ Куманово и набавка на опрема/возила | 3,000,000.00 | | 3,000,000.00 |
| 2.5 | Техничка документација за пешачка зона во централно градско подрачје преку проект со УНДП | 2,917,214.00 | 555,912.00 | 2,361,302.00 |
| 2.6. | Реализација на проектот Зелени решенија за адаптација на климатски промени во Општина Куманово | 98,400,000.00 | 4,920,000.00 | 93,480,000.00 |
| 2.7 | Инклузија на деца надвор од настава во образовен систем | 366,000.00 | | 366,000.00 |
| 2.8 | Соработка со асоцијација АЛААС во Македонија - Алма , Реализација на идни активности за соработка со претседателот на Алма | 150,000.00 | | 150,000.00 |
| 2.9. | Планирана донација , опрема за општа болница Куманово | 1,000,000.00 | | 1,000,000.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.10. | Реализација на програма на ЕУ со проектот NROM пристап за справување со енергетска сиромаштија | 112,664,433.00 | 6,698,949.00 | 105,965,484.00 |
| 3.1. | Мобилизација, вмрежување на граѓански организации за решавање на локални проблеми | 500,000.00 | 500,000.00 | |
| 4.1 | Организирање на „Саем за мало стопанство“ | 200,000.00 | 200,000.00 | |
| 4.2. | Организирање на манифестација „Суџуклијада“ | 250,000.00 | 250,000.00 | |
| 4.3. | Избор на сувенир на град | 150,000.00 | 150,000.00 | |
| 4.4. | Организирање на „Осмомартовски саем“ | 400,000.00 | 400,000.00 | |
| 4.5. | Субвенција на стари знаети | 150,000.00 | 150,000.00 | |
| 4.6. | Реализација на активности преку Локална Акциона Група АБЕР 2015 | 800,000.00 | 800,000.00 | |
| 4.7 | Поддршка и промоции на органско производство - Финансирање на саемска манифестација „Органска Трпеза за 2025год.“ | 300,000.00 | 300,000.00 | - |
| 4.8 | Организирање на Денови на мед како и Промоција на „Денови на мед со унифицирани етикети на производувачи“ | 200,000.00 | 200,000.00 | |
| 4.9. | Организација на новогодишен саем за развој на економија и промоција на град преку туризам | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Друго | | | |
| 5.1 | Репрезентација ( Средби си ЛЕСС, Бизнис форуми, Присутни на Работилници за Изработка на стратешки планови стратегии, фокус групи, и друго) | 100,000.00 | 100,000.00 | - |
| 5.3. | Промотивен материјал (печатење на каталози, промотивен материјал ) | 200,000.00 | 200,000.00 | - |
| | | | | |
| ВКУПНО ВО МКД | | **250,956,647.00** | **19,633,861.00** | **231,322,786.00** |
| ВКУПНО ВО ЕВРА | | **4,080,595.89** | **319,249.77** | **3,761,346.11** |
| ИЗРАЗЕНО ВО ПРОЦЕНТИ | | 100% | **7.82** | **92.18** |

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 3467/10
25 февруари 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**91.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Програма за измена на Програмата на културни манифестации на Општина Куманово за 2026 година**

1. Се објавува Програмата за измена на Програмата на културни манифестации на Општина Куманово за 2026 година, Бр. 09 – 3467/13, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 25 февруари 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-4103/1
26 февруари 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

92.

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и „Службен гласник на РСМ" бр. 202-24) и член 66 од Статутот на Општина Куманово – пречистен текст (Службен гласник на Општина Куманово" бр. 15/21),Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 25 февруари 2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за измена на Програмата на културни манифестации**
**на Општина Куманово за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се врши измена и дополнување на Програмата на културни манифестации на Општина Куманово за 2026 година бр.09-18303/40 од 29.12.2025 година („Службен гласник на Општина Куманово" бр.19/25), и тоа:

- реден број 95 се менува и гласи:
Здружение за култура и уметност АРТ-МАНИЈА Куманово

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 3467/13
25 февруари 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

93.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Препорака**

1. Се објавува Препораката, Бр. 09 – 3467/3, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 25 февруари 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-4090/1
26 февруари 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

94.

Врз основа член 66 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), и член 132 став 2, член 133 став 2 и 3, член 167 и член 168 став 1 точки 1, 2 и 3 од Деловник за работа на советот бр. 12/09, разгледувајќи ја точката Разгледување и усвојување на Препораки до Управата за јавни приходи во врска со постапувањето при утврдување на даночни обврски за граѓани ангажирани во високоризични и воени зони (Ирак и Авганистан) Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 25 февруари 2026 година, ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

1. Советот на Општина Куманово застапувајќи ги интерсите на граѓаните на општината, упатува препорака до Управата за јавни приходи за следното:
   - Да се воспостави ефективна и ефикасна соработка со странски институции и фирми каде што работеле државјани на Република Северна Македонија во зоните во Ирак и Авганистан, со цел обезбедување точни и сигурни податоци што ќе овозможат правично утврдување на евентуална даночна обврска.
   - Да изврши проверка на постојните меѓународни договори и можни даночни ослободувања кои би се однесувале на нашите сограѓани кои работеле во воените зони во Ирак и Авганистан, со цел да се утврди дали постојат основи за евентуални даночни ослободувања или спречување на двојно оданочување.
   - Да се обезбеди навремено и тековно известување на сите засегнати граѓани за утврдените факти за постоење или непостоење на даночна обврска, пред изготвување на конечни решенија за задолжување.
   - Во случај на утврдување на даночна обврска, да се овозможи разумен рок за плаќање на ПДД, вклучително и можност за плаќање на рати без пресметување на камата, имајќи го предвид подолгиот врменски период од настанувањето на даночната обврска.
2. Советот им препорачува на сите засегнати граѓани да и покрај нашите политички заложби и препораки да ги искористат сите правни средства предвидени со закон доколку сметаат дека е потребно и легитимно за заштита на нивните права.
3. Препораката ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 3467/3
25 февруари 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

95.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Препорака**

1. Се објавува Препораката, Бр. 09 – 3467/10-1, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 25 февруари 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-4100/1
26 февруари 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

96.

Врз основа на член 66 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), и член 115 од Деловник за работа на советот бр. 12/09, разгледувајќи ја точката „Предлог – Програма на Сектор за меѓународна соработка и евроинтеграции, стратешко планирање, креирање политики, следење и (ЛЕР) за 2026 година“ по предлог на претседателот на комисијата за локален економски развој, Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 25 февруари 2026 година, ја донесе следната:

ПРЕПОРАКА

1.Совет на Општина Куманово дава препорака до Општина Куманово во соработка со сите надлежни институции пред да се започне со реконструкција и адаптација на визитинг центар Пелинце како дел од прекуграничниот проект „Просперитетни патишта на соработка помеѓу Куманово и Лесковац“ да се превземат дејства за заштита на градбата од поплави.

2. Препораката ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“, како составен дел на Програма на Сектор за меѓународна соработка и евроинтеграции, стратешко планирање, креирање политики, следење и (ЛЕР) за 2026 година.

Бр. 09 – 3467/10-1
25 февруари 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

97.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Буџетски календар за 2026 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Буџетски календар за 2026 година, следење и ЛЕР, Бр. 09 – 3467/12, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-4102/1
26 февруари 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

98.

Врз основа на член 27 ,став 4 и 5 од Законот за финансирање на единици на локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 192/15, 209/18, Сл.весник на РСМ 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24) и член 68 од Статутот на Општина Куманово (Сл.гласник на Општина Куманово бр.13/03, 13/07, 08/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општината Куманово на седницата одржана на 25-ти февруари 2026 год. донесе

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР

| Можен датум | Буџетски активности | Одговорност и законски прописи |
|---|---|---|
| Јануари | Започнува новата буџетска година, реализација и извршување на новиот буџет за тековна година. | |
| Февруари | Советот на општината го донесува буџетскиот календар | Член 27, став 4 и 5 од Законот за финансирање на ЕЛС (Сл. Весник на РМ бр.(61/04,96/04,67/07,156/09,47/11 192/15,209/18,и Сл.Весник на РСМ 244/19 ,53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) |
| Април | Министерството за финансии ја изработува фискалната стратегија за | Член 16 став 1,став 3 и член 17 став 4 од Закон за буџетите (Сл.весник на |

| | | |
|---|---|---|
| | тековната и наредни 5 години и ја доставува до Влада на РСМ која до 15-ти април во тековна година го усвојува основното сценарио и инцијативи за финансирање | Р.С.М. бр. 203/22, 76/24, 272/24 и 258/25) |
| Април | Фискалната стратегија ја донесува Владата на Р.С.М. најдоцна до 30 април во тековна фискална година вклучувајчи и анекс кој ги содржи максималните износи на одобрени средства по буџетски корисник на буџетот на Државата | Член 17, став 5 од Закон за Буџети (Сл.весник на Р.С.М бр. 203/22, 76/24, 272/24 и 258/25) |
| Септември | Министерство за финансии го доставува Циркуларот најдоцна до 30септември во тековна година,до Градоначалникот на општината со кој се утврдува формата и содржината и насоки за подготовка на буџетот на Општината | Член 19став 3 од Закон за буџетите (Сл.весник бр.64/05,4/08,103/08,156/09,95/10 180/11,171/12,192/15,167/16 и Сл.весник на РСМ бр.151/21, 203/22, 76/24, 272/24 и 258/25) и член 27 од Закон за финансирање на ЕЛС („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) |
| Октомври | Градоначалникот и Сектор за финансиски прашања се состануваат за да ги утврдат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година. | Градоначалникот и Сектор за финансиски прашања |
| Октомври-Ноември | Буџетски информации се доставуваат до Одделенијата во општината заедно со упатства за основни насоки и препораки од Градоначалникот кои се базираат на Буџетски циркулар | Сектор за финансиски прашања |
| Октомври-Ноември | Врз основа на буџетски циркулар се подготвуваат препораки и рокови за подготвување на финансиски планови на општински буџетски корисници и се доставуваат до нив | Сектор за финансиски прашања |
| Октомври-Ноември | Општинските буџетски корисници ги доставуваат нивните планови заедно со објаснување за одделните износи по позиции кои ги предложиле | Сектор за финансиски прашања |
| Октомври-Ноември | Сектор за финансиски прашања ги анализира барањата и доставени финансиски планови од општинските буџетски корисници,го известува Градоначалникот (За зголемени или намалени нивни барања)и ги вклопуваат во проекција на буџетот | Сектор за финансиски прашања |

| | | |
|---|---|---|
| Октомври | Се изготвуваат предлог на план на програми за развој усогласени со насоки на Циркуларот,до 20-ти Октомври во тековната година | Член 21-б, став1 од Закон за буџетите (Сл.весник на Р.М. бр.64/05,4/08,103/08,156/09 95/10,180/11,171/12,192/15,167/16 и Сл.весник на РСМ бр.151/21 и 203/22 и37/25)<br>Сектор за урбанизам и комунални работи |
| Октомври-Ноември | Советот ги усвојува предлогот на планот на програми за развој на општината најдоцно до 15 ноември во тековна година,и одобрениот план на програмите за развој е составен дел на предлогот на буџетот на општината. | Член 21-б став 2 и став 3 од Закон за буџетите ( Сл.весник на Р.М. бр.64/05,4/08,103/08,156/09 95/10,180/11,171/12,192/15,167/16 и Сл.весник на РСМ бр.151/21, 203/22 и 3/25)<br>Совет на општина Куманово |
| Октомври-Ноември | Проценки на трошоци и проекција на приходи за наредна буџетска година се враќаат во Одделение за буџет и финансирање,од останатите одделенија и сектори | Раководители на Сектори и Одделенија |
| Ноември | а) Се собираат буџетски барања<br>б) Се анализираат и усогласуваат буџетски барања и се доставуваат до Градоначалникот<br>в) Се изготвува биланс на приходи<br>г) Се изготвува биланс на трошоци | Сектор за финансиски прашања |
| Ноември | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог Буџетот подготвен од страна на Сектор за финансиски прашања | Градоначалник |
| Декември | Се доставува Предлог Буџетот за наредната година од страна на Градоначалникот до Совет на општината | Градоначалник<br>Член 31 од Закон за буџети (Сл.весник на Р.М. 64/05,4/08,103/08,156/09,95/10 180/11,171/12,192/15,167/16 и Сл.весник на РСМ бр.151/21, 203/22, 272/24 и 3/25) |
| Декември | Се води расправа во телата на Советот на општината | Комисија за буџет и финансирање |
| Крај на Декември | Советот на општината го усвојува Буџетот за наредната година ( најдоцна до 31 декември во тековната година) | Член 28 од Законот за финансирање на ЕЛС (Сл.весник бр.61/04,96/04,67/07,156/09 47/11,192/15,209/18,и Сл.весник на РСМ 244/19,53/21,77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25)<br>Совет на општина |
| Декември | Усвоениот буџет се доставува до Министерство за финансии за негово вчитување и понатамошно следење и реализација | Сектор за финансиски прашања |

- По предлог на советникот Томица Илиќ кој што предлог беше ставен на гласање и едногласно беше усвоен од страна на Советот на Општина Куманово во текот на месец Октомври ќе се организира буџетски форум со граѓани и граѓански организации.

Бр. 09-3467/12
25 февруари 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**99.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Решение за давање на позитивно мислење на Статутот на ООУ „Кочо Рацин“ – Куманово**

1. Се објавува Решението за давање на позитивно мислење на Статутот на ООУ „Кочо Рацин“ – Куманово, Бр. 09 – 3467/7, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-4094/1
